# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ВОВЕД

Со овој кодекс се пропишуваат принципите, вредностите како и нормите на однесување на вработените во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија, со цел на промоција на етичка култура, професионален пристап во работата, како помеѓу вработените така и кон сите засегнати страни.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија како главен промотор на туристичките потенцијали и ресурси, пазарно ориентиран и со респектабилно влјание во туристичката дејност преку воведување и воспоставување на стандарди во работењето применувајќи систематски и професионален пристап во креирањето на политиките, ќе придонесе до ефикасно и професионално исполнување на целите, и со своето професионално работење и однесување ќе придонесе во препознатливоста на Република Македонија како туристичка дестинација.

## II. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија се идентификувани следните посакувани етички принципи и вредности:

- Коректност
- Колегијалност
- Почит
- Искреност
- Соработка
- Доверба
- Чесност
- Толеранција
- Хигиена
- Транспарентност
- Недискриминација
- Приватност
- Споделување

Секој вработен е креатор на работната атмосфера. Искрениот и коректниот однос на работното место е нешто што секој вработен го должи на своите колеги, и е предуслов за успешна соработка, тимска работа и помагање, меѓусебно почитување, толеранција, отворена комуникација со колегите, креирање на позитивна атмосфера на работното место, уважување на друго мислење, грижа за работната околина и вработените.

Со сопствениот пример, личниот изглед и однесувањето секој вработен значајно придонесува кон градење на коректниот однос, истакнувајќи дека преку соработката, меѓусебната почит и доверба, ќе придонесе за заедничко споделување на успехот.

Односите на вработените треба се темелат и градат врз основа на чесност, толерантност, транспарентност, пристојност, одговорност и трпение, со постојано

поттикнување и афирмирање на професионално, непристрасно и одговорно вршење на сопствените должности во функција на остварување на заедничниот и јавниот интерес и стекнување на доверба од страна на засегнатите страни.

**“**Кога велам **ЈАС** всушност мислам на **НИЕ**, кога велам **НИЕ** мислам на **НАС**“

## III. НАЧИН НА ОДНЕСУВАЊЕ

Однесувањето на вработените има особено значење во градењето на организациската култура и вкупната работна атмосфера. Однесувањето на вработените претставува општо прифатена обврска на сите вработени, бидејќи влијае во создавањето на позитивна работна атмосфера се креира угледот, успехот и развојот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.
Однесувањето на вработените треба да соодветствува со морални, етички и професионални норми, како и со востановените принципи и вредности.

Вработените во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија треба да ги почитуваат следните начела на однесување:

- Професионална, деловна и активна комуникација,
- Професионално и културно однесување,
- Почитување на работата на вработените,
- Содавање на услови за непречено извршување на работните задачи,
- Одговорно однесување на работното место и кон вработените,
- Отворен проток и споделување на точни информации на едноставен и разбирлив јазик (одговорно, внимателно, љубезно, смирено), како помеѓу вработените така и кон засегнатите страни,
- Размена на искуства и знаења,
- Превземање на одговорност и вина,
- Уважување на работните способности, мислења и идеи на вработените,
- Взаемно помагање во извршување на работните задачи,
- Проактивност во работењето,
- Конзумирање на храна во простории кои се однапред определи со место и време,
- Признавање на работата на другиот,
- Разбирање и почитување на различностите помеѓу вработените и нивно насочуавње во полза на градење на позитивна работна атмосфера,
- Поттикнување, практикување и поддршка на тимска работа,
- Потикнување и дејствување исклучиво во насока на постигнување и реализација на целите на институцијата,
- Градење на позитивна атмосфера со цел на воспоставување на односи на заемна доверба и соработка,
- Меѓусебно помагање во извршување на работните задачи,
- Недискриминација по секаков основ,

- Почит и свесност за сопствената работна позиција, права, обврски како и делување во рамките на истата,
- Вработениот посветува соодветно внимание на начинот на неговото облекување со цел да не предизвика впечаток на непристојност или нарушување на угледот на институцијата,
- Воздржување од негативни коментари и дискусии со навредувачки содржини помеѓи вработените,
- Дискусии помеѓу вработените за фокусот  кон важни цели и работните задачи,
- Водење грижа за лична хигиена, хигиената на работното место и работната околина,
- Неманипулирање со вработени, информации и настани,
- Водење сметка за ставовите на вработените, постапувања кои нема да ги поврдат другите вработени,
- Разграничување на приватниот од професионалниот живот и
- други однесувања кои ќе бидат во согласност во создавањето на позитивната работна атмосфера.

Однесувањата кои ќе бидат спротивни на погоренаведените и кои ќе придонесат кон нарушување на работна атмосфера и организациската култура ќе бидат детектирани како непосакувани и соодветно санкционирани.

## IV. ЕТИЧКИ ОДБОР

За спроведување на етичките принципи, вредности како и начинот на однесување на вработените во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија,  е надлежен Етичкиот одбор.
Членови на Етичкиот одбор работат согласно Правилникот за работа на Етички одбор.